REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје-Shkup
Примено: E Pranuar: 07-08-2025
03-666/6

**Општина Битола**

**СЕКТОР- ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Бр. 50-191/1
07.08.25 год.

# ЗАПИСНИК

од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр.102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл.весник на РСМ 238/19), на ден 07.08.2025 со почеток во 10:00 часот, во службените простории на Инспекциски совет, пред Комисија за полагање на практичен испит, формирана од Градоначалнк на Општина Битола, се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав :

- Богданка Милошевиќ Мучева – Главен инспектор
- Сашо Илијовски – Советник комунален инспектор (Ментор)
- Велимир Лозановски – Советник градежен инспектор
- Претставник од Инспекциски совет, г-дин Ресул Шемо

Кандидат за полагање на практичен испит за Помлад овластен инспектор за патен сообраќај,Одделение за градежна инспекција и инспекција за патен сообраќај и патишта,Сектор општински инспекторат, е Димитар Секлевски.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот и стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Димитар Секлевски, со татково име Илија, изврши симулиран инспекциски надзор од областа на Авто такси превоз ,со Примена на законот за Превоз на Патнот сообраќај,со степен за сложеност соодветен на нивото

"Bulevar 1vi Maj" 61 7000 Bitola Republika Makedonija
tel: 047 234 234; 208 300 faks: 047 238 723 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

на кандидатот за инспектор, со планирање и подготовка на надзор, спроведување на инспекциски надзор и документирање на инспекциски надзор.

По презентирање на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа :

-планирање и подготовска за инспекциски надзор - 15 бодови

-спроведување на инспекциски надзор - 30 бодови

-затворање на инспекциски надзор - 30 бодови

-документирање на инспекциски надзор - 15 бодови

Комисијата констатираше дека кандидатот Димитар Секлевски го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 90 бодови.

Лицето Димитар Секлевски се изјасни дека бара лиценца да му биде издадена на образец А.

Практичниот испит за инспектор траеше од 10 00 до 12 00 часот.

Комисија за полагање на

Практичен испит за инспектор

1. Богданка Милошевиќ Мучева __________
2. Велимир Лозановски __________
3. Сашо Илијовски __________
4. Ресул Шемо __________